# МАКЕДОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕД

СПИСАНИЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО


# ЗБОРНИК НА РЕЗИМЕА
# BOOKS OF ABSTRACTS

I КОНГРЕС НА ЛЕКАРИТЕ ОД
ПРЕВЕНТИВНА МЕДИЦИНА НА МАКЕДОНИЈА
СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО

1st CONGRESS OF THE PHYSICIANS
OF THE MACEDONIAN PREVENTIVE MEDICINE
WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION



*06 - 10 Октомври, 1998*
*Охрид, Република Македонија*

*06 - 10 October, 1998*
*Ohrid, Republic of Macedonia*


| Мак мед преглед | 52. (Суплемент 33) | Стр. 1-202 | Скопје, 1998 |
| --- | --- | --- | --- |

## ЗДРАВСТВЕНО - ВОСПИТНИ АКТИВНОСТИ НА МАКЕДОНСКИОТ ЦРВЕН КРСТ ВО МОТИВИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ДАРУВАЊЕ НА КРВ

***Камчев Н., Наражанов И., Блаѓоевска М., Донев Д., Ончева С.***
*Црвен крст на Република Македонија-Скопје*

Црвениот крст е доброволна, масовна, самостојна и независна хуманитарна организација на граѓаните на Република Македонија.

Масовното здравствено воспитание и просветување на сите категории граѓани во Република Македонија претставува фундаментална и перманентна задача на Македонскиот црвен крст. Македонскиот црвен крст презема низа мерки и активности за масовно здравствено просветување на граѓаните и нивно регрутирање за дарување крв. Обезбедувањето на потребната количина на крв за сите болни и повредени е еден од основните услови за успешно функционирање на целокупниот систем на здравствената заштита.

Да се дарува крв и да се спаси животот на болниот или повредениот, кого не го познаваме и кого најверојатно никогаш нема да го запознаеме е најубаво и најблагодарно дело кое може да го исполни човекот. Смисолот на нашиот живот треба да го бараме не само во чинот на земањето, туку уште повеќе во чинот на давањето. Овој највисок чин на алтруизам и хуманост подразбира и чувство за друштвена солидарност, а воедно и голема човечка особина која се нарекува љубов.

Крводарителството во Република Македонија се базира на основните светски признати принципи на :

- ДОБРОВОЛНОСТ, БЕСПЛАТНОСТ И АНОНИМНОСТ;
- Крводарителство вез дискриминација во однос на социјалниот статус, раса, нација, религија, класна и политичка припадност;
- Самообезбедување на целата држава со сигурна крв и крвни продукти;
- Обезбедување на процесот на крводарување преку максимална грижа за здравјето на дарителот, гарантиран квалитет и сигурност на крвта и крвните продукти, како и заштитата на здравјето на примателите на крв.

Според Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија донесена од Владата на Република Македонија, Македонскиот црвен крст е задолжен со многу бројни активности, меѓу кои посебно е потребно да се истакнат следните задачи:

- Континуирана здравствено - воспитна и мотивациска работа со граганите на Република Македонија;
- Непосредна подготовка на крводарителските акции во сите средини;
- Изготвување на информативно - пропаганден материјал;

Да се мотивираат луѓето за крводарување е многу одговорна и тешка задача која опфаќа низа активности со кои треба да се делува врз промена на човековите ставови и однесувања и тоа од најмалата возраст кога настапува примарната социјализација на личноста. Со оглед на фактот дека општеството е организирана заедница во која сите граѓани имаат исти права и обврски, превземените промотивни (мотивациони)

активности треба да се специфични затоа што треба да делуваат на населението и истото да го потикнат на крводарување.

Црвениот крст на Република Македонија изгради современ, флексибилен концепт за социјална комуникација што води кон создавање на трајна мотивираност на граѓаните за дарување на крв како хумана и солидарна помош за оние на кои им е потребна. Со овој концепт се очекува да се постигне реализација на веќе поставените :

БЛИСКА ЦЕЛ :

- да се привлечат сите оние што се веќе мотивирани и спремни да даруваат;
- да се задржат редовните дарители;
- да се изготви програма за трансформација на фамилијарните крводарители во доброволни дарители;
- да се поттикне автологното дарување со што ќе се обезбедат од 5 - 10% од целокупните потреби од крв.

ДОЛГОРОЧНА ЦЕЛ :

- ќе се изгради трајна мотивираност на граѓаните преку сознанијата на поединците за дарување на крв, како хумана и солидарна помош на оние на кои им е потребна, со градење на позитивен став во друштвото како и одговорност на секој граѓанин кон крводарителството;
- да се постигне оптимална бројка на крводарители кои би ги обезбедиле потребите на болните и повредените, односно ќе се следи темпото на развој на здравствената служба и нејзините потреби од крв, клеточни концентрати и плазма производи;

Со оглед на фактот што Република Македонија се гради на граѓански принципи, Македонскиот црвен крст се стреми да негува позитивна клима кон овој проблем, поради што во своите дејствувања настојува секој граѓанин во Република Македонија да свати дека дарувањето на крв претставува граѓанска должност , а истовремено и грижа за сопственото здравје.

За реализација на Програмата за крводарителството, Македонскиот црвен крст ги превзема следните здравствено - воспитни активности во мотивирањето на граѓаните за дарување на крв. По значајни се:

1. Едукација на кадрите кои учествуваат во чинот на крводарувањето.

Ефикасноста на Програмата за унапредување и развој на крводарителството во голем дел зависи од подготвеноста на главните учесници во рализацијата на мотивирањето на граѓаните за дарување крв. Поради реализација на оваа цел Македонскиот црвен крст применува интензивна обука и тренинг на сопствениот специјализиран кадар, волонтерскиот кадар, кадри од здравствените работници, од образованието (наставници, училишни педагози и психолози) кои понатаму ќе бидат во можност да ги шират промотивните активности.

Посебен акцент се става на здравственото образование и информирање на младите, обезбедување активно учество на децата и учениците во рамките на училишната програма, со цел да се изгради позитивен став кон крводарувањето како друштвено важна дејност и највисок акт на алтруистичко однесување. Поради тоа МЦК постојано

изградува современи модели за предавања во најразлични средини, при што ги користи најсовремените принципи на крводарителската промоција.

Едукацијата на мотиваторите кои се професионално вработени во МЦК и Службата за трансфузиологија е постојана и осовремена при што се користат и искуства од други земји. За оваа цел МЦК организира стручни семинари на државно, регионално и локално ниво. (Штип, Маврово, Охрид и др.) со домашни и меѓународно признаени експерти, врвни познавачи на оваа област.

2. Вклучување во системот на образованието и едукација на младите на кои им се даваат основните информации за крводарувањето, значењето на крвта за болните и повредените, потребите од доволни количини побезбедна крв и продукти од сопствено потекло.

Кај повозрасните групи, се изготвуваат и применуваат такви едукативни содржини кои ги продлабочуваат и прошируваат основните знаења за крводарувањето стекнати во основното образование.

За оваа цел во образовниот систем се организираат:

- предавања, разговори, истражувања, пишување на различни литературни творби, изготвување на крстозборки, изложби, наградување на најдобрите творби, креација на маскота и др.

- доставување пропаганден материјал, прикажување на филмови и ТВ емисии наменети за разни возрасни групи, посети на МЦК и Службите за трансфузиологија, примена на заеднички активности со родителите кои даруваат крв во училиштата и тн. Идеата е младите активно да се вклучат и учествуваат во креирањето на овие содржини, а покасно од нивните редови да произлезаат идни крводарители и мотиватори.

3.Посебно внимание МЦК посветува на изработка на современ здравствено-воспитен и пропаганден материјал во вид на стручни и популарно пишувани материјали во форма на слики, фотографии, илустрации, плакати, летоци, налепници, агитки, брошури и др. Овие материјали се доставуваат до училиштата, факултетите, студентските домови, јавни установи (пошта, болници, автобуски и железнички станици), чекални, раскрсници, места за забава на граѓаните и тн. Пропагандниот материјал МЦК задолжително го преведува и на јазиците на народностите.

Од мотивациски средства : значки за прво, петто, десето, и дваесет и петто дарување; - Плакети за 50, 75 и 100 дарување, за работни организации, училишта, факултети и поединци. Подарок за секое крводарување, новогодишни календарчиња, разни приеми кај високи државни функционери и функционери на Црвениот крст и Службата за Трансфузиологија и тн. и Организирање на свечени крводарителски манифестации, приредби и концерти.

4. МЦК изнаоѓа и нови форми за регрутирање на нови крводарители и анимирање на постоечките преку работа со различни целни групи: невработени лица, приватниот сектор, неразвиените подрачја, малцинствата, жени-мајки, студентска младина и сл. За сите овие целни групи се изработува и применува покреативен и пофлексибилен методолошки пристап. Посебни програми се изготвени за неразвиените подрачја, приватниот сектор и студентската младина .

5. МЦК заедно со соодветни институции и стручни профили применува и социо-психолошки истражувања наменети за посебни целни геупи.

6. МЦК постојано е присутен во средствата за јавно информирање и ја информира јавноста со различните содржини со цел да се реафирмира концептот на доброволното крводарување како единствен извор за сигурна крв и крвни продукти.

7. Следење на позитивните искуства на други Национални друштва и нивно имплементирање во нашата средина

8. Планира редовни и вонредни крводарителски акции и непосредно учествува во нивното подготвување и реализација. Организирањето и подготовката на крводарителската акција опфаќа:

- планирање на крводарителска акција во одредена средина,
- утврдување термин за нејзино изведување, во соработка со домаќинот и Службата за Трансфузиологија;
- редовни контакти и посети во средината во која се планира да се изведи акцијата;
- реализација на анкети, предавања, дистрибуција на пропаганден материјал и објавување на акцијата ;
- обезбедување на соодветен простор и услови за оптимално изведување на акцијата;
- изготвување на списоци на потенцијалните дарители на крв;
- обезбедување учество на волонтери при изведување на крводарителската акција;
- редовно информирање на граѓаните за времето и местото на изведба на крводарителаската акција, а по реализацијата на истата за постигнатите резултати;

9. Врши евиденција на крводарителите и изготвува месечни, периодични и годишни извештаи .

10. Врши евалуација на постигнатите резултати , предлага мерки за унапредување и развој на крводарителството во Реублика Македонија;

11. Се грижи за статусот на крводарителите и правилната примена на нормите, правата и обврските на крводарителите согласно Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија.

12. Врши и други редовни активности согласнот Законот и Статутот на Црвениот крст на Република Македонија и Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија.

ПРВ КОНГРЕС НА ЛЕКАРИТЕ ОД ПРЕВЕНТИВНА МЕДИЦИНА НА МАКЕДОНИЈА (06-10 Октомври, 1998, Охрид)